Арх. знак 0202
Рок на чување
20 год.
Потпис,

СТОМАТОЛОШКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА
MACEDONIAN DENTAL CHAMBER

Бр. 02-97/2
23.01.2020 година

ул. Антон Попов бр. 1-4/5 Скопје
(02) 3246 851/852 skm@skm.mk

# **И З В Е Ш Т А Ј**

**од деветата седница на Извршниот одбор на СКМ одржана на ден 31.10.2019 година во просториите на Стоматолошка комора на Македонија**

На деветата седница на Извршниот одбор на СКМ, присуствуваа сите членови на Одборот, а присуствуваше и претседателот на Надзорниот одбор на СКМ д-р Ѓорѓи Топузоски.

Седницата започна во **13.30 часот**, а истата ја отвори претседателот на Извршниот одбор на СКМ д-р Мирлинд Селими со читање на предлог-дневниот ред.

Предложениот дневен ред, беше ставен на гласање, при што истиот беше едногласно усвоен и стана дневен ред со следните точки:

**1.Разгледување и усвојување на записник од 8-та седница на Извршен одбор одржана на ден 09.07.2019 г. и продолжението одржано на 17.07.2019 година.**

**2. Разгледување на иницијатива за решавање на проблемот со недостиг на среден стоматолошки кадар во приватни здравствени стоматолошки установи - поканет презентер Др Славица Ѓурчевска Горјанска**

**3.Разгледување на состојбата во стоматолошка дејност по Одлука на Управен одбор на ФЗОРСМ од 28.10.2019 година за примарна и специјалистичка консултативна стоматолошка дејност и определување на понатамошни насоки**

**4. Информација за активности во периодот од последната седница на ИО на СКМ**

**5. Разно**

По усвојувањето на дневниот ред, се премина кон разгледување на секоја од точките на дневниот ред.

**1. Разгледување и усвојување на записник од 8-та седница на Извршен одбор одржана на ден 09.07.2019 г. и продолжението одржано на 17.07.2019 година.**

По однос на записникот од претходната седница на Извршниот одбор, д-р Димитар Малешевски со забелешка во делот на присутни членови на претходната седница, дека тој оправдано бил отсутен на двете седници.

Записникот со оваа забелешка едногласно беше усвоен.

**2. Разгледување на иницијатива за решавање на проблемот со недостиг на среден стоматолошки кадар во приватни здравствени стоматолошки установи - поканет презентер Др Славица Ѓурчевска Горјанска**

Во однос на оваа точка од дневниот ред, Др Селими даде збор на поканетиот презентер д-р Славица Ѓурчевска Горјанска која пред членовите на Извршниот одбор го презентираше проблемот со недостиг на среден стоматолошки кадар во приватните здравствени стоматолошки установи по направена анкета на 222 доктори.

Д-р Ѓурчевска Горјанска презентираше пет можни решенија кои биле претставени на докторите при анкетирањето, и тоа:

-вработување на административен кадар наместо медицински кадар

-доктор стоматолог кој би бил вработен како сестра , но стажот би му сметал како во дејност за да може да го има правото да се релиценцира

-да се пролонгира рокот од моменталните 35 дена и во тој период да се исплаќа капитацијата во целосен износ

-тотално укинување на сестра од стоматолошкиот тим

-укинување на сестра од стоматолошки тим до 1000 пациенти,

по што Д-р Ѓурчевс ка Горјанска истакна дека најголем број од анкетираните доктори се за тоа да се пролонгира рокот, но во тој период да се исплаќа капитацијата.

Во однос на презентираните решенија се разви дискусија во кој д-р Касапи предложи да се консултира правник кој ќе изнајде можно решение за овој проблем. Д-р Гагалевски предложи да се заземе став и да се побараат измени во Правилникот за кадар затоа што само стоматолозите мораат да работат во тим. Д-р Чемерска предложи да се проанализира првиот предлог, да се вработува административен кадар кој ќе посетува одредени курсеви. Д-р Стојанов предложи сите органи и тела на Комората да дадат поддршка за решавање на овој проблем и да се формира Комисија во која ќе учествува и д-р Ѓурчевска Горјанска.

Според претседателот на Комората, д-р Денковски привремено решение е разговор со ФЗОРСМ доколку има недостаток на сестри да се пролонгира максимално рокот по што и по истек на тој рок да се намалува процентуално исплатата на фиксниот дел од капитацијата во периодот додека нема сестра, додека како долгорочно решение е претставка до Управен суд во која ќе се бара толкување за Правилникот од 2005 година по однос на задолжителност за формирање на тим со сестра . Понатаму Др Денковски како можно решение ја предложи и варијантата комората да стапи во контакт со приватни образовни институции кои би биле заинтересирани да спроведуваат ппреквалификација на среден кадар во стоматолошки асистенти по урнек и начинот како што е решаван проблемот со недостиг на стоматолошки сестри/асистенти во Хрватска која ја подржува и хрватската комора .

Извршниот одбор донесе **Заклучок** за формирање на Комисија за решавање на овој проблем во која членови ќе бидат , д-р Маријан Денковски, претседател на СКМ и д-р Мирлинд Селими, претседател на ИО и д-р Славица Ѓурчевска Горјанска.

**3.Разгледување на состојбата во стоматолошка дејност по Одлука на Управен одбор на ФЗОРСМ од 28.10.2019 година за примарна и специјалистичка консултативна стоматолошка дејност и определување на понатамошни насоки**

Во однос на оваа точка од дневниот ред, збор зеде претседателот на Комората, д-р Денковски кој ги информираше членовите на ИО дека со одлука на УО на ФЗО од 01.10.2019 година е зголемен капитациониот бод за матичните стоматолози за 20%, односно 8 денари и зголемени се лимитите на специјалистичко консултативната стоматолошка дејност од 15% , што е прво зголемуавње од нивното концесионирање во 2007 година . Исто така д-р Денковски истакна дека побарано е и покачување на цените за услуги кај матичните стоматолози и цени за услуги кај специјалистите, но ќе продолжат и понатаму преговорите со ФЗОРСМ за покачување на капитациониот бод за уште 20-25 %.

По кратка дискусија ИО на СКМ донесе заклучок да се изготви соопштение со став на Комората за одлуката на УО на ФЗОРСМ , по што по кратка дсикусија за текстот на соопштениеото истото од членовите на ИО беше прифатено .

<u>Соопштение за Одлуката на ФЗОРСМ , односно на УО на ФЗОРСМ</u>

Одлуката да се зголеми капитациониот бод за 8 денари или 20% за матичните стоматолози и првото зголемување на лимитите на специјалистичко консултативната стоматолошка дејност од нивното концесионирањеод 15% , Извршниот одбор на Стоматолошка комора на Македонија смета дека треба да се поздрави, но не и да се смета како конечно решение.

Одлуката уште повеќе добива на тежина со фактот дека ФЗОРСМ остана доследен на договорот од 22 април 2019 година за покачувања на средствата за примарна и специјалистичко консултативна стоматолошка дејност од 01.10.2019 година со ребалансот на буџетот на фондот , што ни дава за право да веруваме во исполнување и во договорената понатамошна динамика на покачувања за наредната 2020 година со нови 20-25 % , со што сметаме дека стоматологот ќе почне да си го добива местото кое си го заслужува во здравствениот систем во нашата држава како еден од носители на здравствениот систем во Република Северна Македонија .

Извршниот Одбор на Стоматолошка комора на Македонија исто така останува на ставот дека е потребно во најкраток можен период да дојде до реална денешна вредност на капитациониот бод кој неразбирливо и без аргументи беше намален 2007 година и во неколку наврати при покачувања на бодот на матичните лекари беше заборавван, но и дека во наредниот период со побараната измена во член 132 од Законот за здравствено осигурување ќе дојде до надминување на моменталната пречка за зголемување и на цените на услуги и партиципацијата со што и нашите услуги ќе добијат повисоки цени , како во примарна така и во специјалистичко консултативна специјалистичка стоматолошка дејност.

Како заклучок , ИО на СКМ ќе продолжи со своите напори и активности за она што реалното мнозинство членови го бараат , а тоа е дека со продолжување на постојаниот контакт , разговори , договори и изнаоѓања решенија со Министерство за здравство , ФЗО и други релевантни институции да се дојде до:

- оптимални решенија за докторот на стоматологија во новиот Закон за здравствена зашитита , Законот за стоматолошка дејност и Закон за здравствено осигурување ,
- капитационен бод од 60 -70 денари за матичните стоматолози и реални лимити до 150.000 за специјалисти во наредната 2020 година
- до оптимални цени на партиципација за матичните стоматолози и цени на услуги за специјалистите кои ќе го земат во предвид постојаниот пораст како на цените на стоматолошките материјали, така и постојаниот пораст на режиските трошоци за опстојување на стоматолошка ординација .

По ова Др. Денковски го исвести ИО дека во најскоро време од 04.11.2019 започнуват преговорите со ФЗО за текстовите за новите договори за приматрна и специјалистичка стоматологија .

**4. Информација за активности во периодот од последната седница на ИО на СКМ**

Во однос на оваа точка од дневниот ред, збор зеде претседателот на Комората, д-р Денковски кој ги информираше членовите на ИО дека во комуникацијата со Министерство за здравство, од министерот се потпишани се одлуките за измена на Правилникот за начинот на издавање, продолжување, обновување и одземање на лиценцата за работа и формата и содржината на образецот на лиценцата за работа на здравствените работници од областа на стоматологијата и Правилникот за програмата за дополнителна обука и проверка на стручните знаења и способности на здравствените работници со високо образование од областа на стоматологијата, составот на испитната комисија и начинот на спроведување на проверката и тие стапуваат на сила по објава во Службен весник на РСМ, исто така доставен е и нов работен текст за менување на Законот за здравствена заштита од октомври и се чека да се повика работната група, а исто така и Законот за стоматолошка дејност е презентиран во Министерство за здравство кој по завршни консутации во министерството треба да се објави на страна на електронскиот регистари да оди на јавна расправа. Поднесени се и две барања до министерство за здрвасство , и тоа едното за признавање на дејноста орална медицина,болести на уста и пародонтологија и пародонтална хирургија и барање за проширени услуги на специјалистите по болести на заби и ендодонтот. Воспоставена е и комуникација со Бирото за лекови МАЛМЕД кое има нов директор и се очекува средба во најскоро време. Поднесено е и барање до Министерство за здравство за објаснување зошто новите ординации не се субвенционирани по урнек на ординациите з аопшта медицина и зошто се доцни со проширување на мрежата односно кога ќе се склучуваат договори за нови специјалистички ординации .

Поднесено е барање за измена на правилник за рурални стоматолошки ординации , како е и побарано мислење за можно субвенционрање на ординации во пасивни подрачја.. Поднесено е барање за измена на Законот за здравствено осигурување за член 132. Поднесен е ургентен предлог за измена на Законот за здравствена заштита за специјалисти кои завршуваат специјализација во ноември и на кои според сегашниот Закон нема да може да им се издаде Уверение за положен специјалистички испит затоа што тој предвидува престој во странство од 3 месеци и објава на труд.

Понатаму Др Денковски продолжи со информирање на ИО за активностите согласно одлуката на ИО на СКМ за субвенционирани настани. Тој истакна дека проектот од организаторите го прифатиле СДА и ДДДММ , како и факултетите при УГД Штип и ЕУРМ Скопје , додека стоматолошки факултет при УКИМ, стоматолошки факултет при ДУТ и МСД не прифатиле да учествуваат . По оваа продолжуваат активностите за усогласување меѓу организаторите по однос на теми , градови и датуми на одржување на субвенционираните настани .

Понатаму Др Денковски го информира ИО за случувањата со ЗПЗСУ по однос на одлуката на ИО за одземање на акредитацијата за настанот во Кавадарци , во мај 2019 година . Тој објасни дека здружението постапило по насоките на комората и го променило статутот и доставиле тековна состојба за истото и со променетото име. Во исто време доставиле список и на учесници на настанот и побарале ревизија на одлуката на ИО и враќање на акредитацијата за наведениот настан .

Но како што истакна Др Денковски додека ЗПЗСУ го бара горе наведеното во исто време од нивна страна е доставена и тужба до Управен суд за истото прашање против Комората, која здружението не ја повлекува . За можните начини за решавање на наведениот проблем во интерес на членовите и на барање на здружението тој остварил неколку средби со председателот на здружениети Др Ѓорѓиев и со Др Камчев но без никаков резултат .

Др Денковски продолжи дека по однос на ова прашање има од ЗПЗСУ ПДДМ и пратен предлог за вонсудска спогодба која во моментот правниците на комората ја имаат добиено и се очекува нивен став по што и за истата ќе се дискутира на ИО на СКМ.

Понатаму Др Денковски продолжи со инфо за активностите , и тоа за одржан состанок со Министерството за образование и експертска група предводена од експерт од Полска на кој е разговарано за признавање на квалификации за потребни законски измени за усогласување на законските одредби кои се неопходни во процесит на признавање на нашите дипломи во ЕУ.

Добиен е одговор од Народен правобранител и истиот одговор е добиен и од Министерство за здравство во врска со поднесените претставки од страна на д-р Дафина Богеска кои се одбиени какпо неосновани , односно постапките се запрени согласно член 23 ст. 1 алинеја 1 затоа што видно и од писмениот одговор на СКМ и приложените докази нема повреда на нејзините права.

Во изминатиот период се одржани повеќе состаноци и тоа, состанок со д-р Милан Камчев и група на доктори со пратеници од Собранието на РСМ Китев, Лазарова и Костов по однос на доставеното пратеничко прашање од Др Камчев поврзано со легитимност на комората, лицеците за работа и др., потоа состанок со Лекарска комора во врска со роблемот со недостигот на сестри , ако и законските определби за тимовите сестра-доктор, состанок со Светска банка, два пати е учествувано на трибини за Стоп за насилство врз докторите, учество на Светскиот ден на фармација на нивната годишнина, одржан е состанок во Министерство за здравство со нормативно-правна група на Министерството , одржан е состанок во Министерство за информатичко општество и администрација во врска со дигитализација на коморските услуги.

Во однос на Меѓународните активности присуствувано е на Светскиот конгресот во Сан Франциско, САД на кој се одржа Собранието на ФДИ на кој бил избран нов претседател на ФДИ, одржан е состанок на ЕРО ФДИ на кој прв пат Комората учествувала како регуларен член, потпишан е договор за партнерство со Германската дентална асоцијација, потпишани се договори за партнерство , соработка и за меѓусобно признавање на акредитирани настани со Комората на Република Србија ,Република Црна Гора, Комората на Република Српска и со Грчката дентална асоцијација.

На претстојниот Конгрес на нови технологии и состанокот на К4 кој оваа година ќе се одржи во Љубљана,Словенија од 15.11-17.11.2019, предавачи од Комората на Конгресот ќе бидат д-р Кенан Ферати и д-р Радмила Димовска. Во составот на делегацијата на СКМ ќе бидат д-р Весна Чемерска Попова, д-р Јордан Стојанов, д-р Димитар Малешевски, д-р Мирлинд Селими, д-р Арбен Асани, д-р Оливер Манасиев ,д-р Агрон Пашоли и д-р Тереза Болис-Ѓуриќ и д-р Агрон Пашоли предводена од замeникот на претседателот на СКМ д-р Коста Изов , додека Др Денковски Маријан поради обврските во Брисел каде оди на покана на Европската комисија за економија и социјала како представник на комори од Западен Балкан и Берлин на покана на Германската асоцијација ќе пристигне во Љубљана подоцна , во сабота за состанокот со предсадателите на К4 Коморите со председателот на ЦЕД Др Марко Ланди и Министерот за здравство на Р.Словенија .

Во врска со горенаведеното, се донесе следната:

---

О Д Л У К А

за патувања на меѓународни активности на Комората

---

Др.Денковски, исто така истакна дека, во комуникацијата со Грција и по од нивна страна отвореното прашање за незаконско рекламирање од страна на наши здравствени установи на нивната територија се планираат состаноци со членовите на комората кои имаат ординации или работат во нив во Дојран,Гевгелија , Богданци , Валандово и Битола.

На ова се надоварза и Др. Касапи по основ на иницијата за воведување на протоколи за свесна седација и информира дека од работната група е произлезено барање до комората кое ќе се архивира и дека во најкратко време ќе се доставаат и доолнителните документи.

Во однос на Стручната служба на Комората завршено е со ажурирање на податоци во регистарот и увидено е дека од 2016 година не се пополнувале книгите за регистар.

Во однос на членарините потребно е Извршниот одбор да донесе Одлука за опомена за неплатени членарини и Одлука за не вршење на никаква услуга и остварување на никакво право без платени членарини заклучно со 2019 година.

---

О Д Л У К А

за издавање на потврди и други документи на членовите на комората , како и давање на информации од службата само со платени членарини и останати давачки за кои се задолжени

---

За наредниот период започнато е со планирање на следниот Конгрес на нови технологии и состанокот на К4 кој треба да се одржи во 2020 година. Претседателот на Комората, д-р Денковски предложи датумот да биде од 30.10.2020 година и настанот да се одржи во Хотел Double Tree by Hilton во Скопје. Планот е на Конгресот да учествува по еден предавач од К4 и предавачи од сите комори и асоцијации со кој СКМ има склучено партнерски договор за соработка.

Исто така на ИО се постави прашање од Др. Изов и околу одбележување на 25 години на СКМ, по што се заклучи дека треба да се провери датумот на основање и ако е 2020 да се разговара за спојување на К 4 конгресот и 25 годишнината за што ќе се разговара дополнително.

**5. Разно.**

По однос на оваа точка, претседателот на Комората, д-р Денковски побара информација за работата на Комисијата за примарна и секундарна дејност предводени од д-р Борис Стојанов и д-р Весна Чемерска Попова.

Д-р Стојанов изнесе дека до сега се одржани четири состаноци на Комисијата на кои биле разгледувани постоечкиот модел и начинот на финансирање за примарна стоматологија,начинот на финансирање од д-р Дафина Богеска, хрватскиот модел на финансирање и неговиот модел на финансирање со плаќањепо услуга. Исто така д-р Стојанов истакна дека д-р Дафина Богеска на секој состанок имала забелешки за записниците што се водат па дури и нејзините корекциии и побара од ИО да достави детална информација и мислење за понатамошна работа на комисијат по уште еден состанок на комисијата кој го планира веднаш по терминот на најавениот протест од ЗПЗСУ ПДДМ .

Од своја страна пак председателот на Комисијата за долгорочна сратегија на специјалистичко консултативна стоматолошка дејноост ,Д-р Чемерска Попова рече дека на дека и она ќе одржи уште еден состанок пред давање на информација и за резултатите од досегашните состаноци.

По ова ИО ги задолжи да за следна седница подготват информации и по разгледување на истите ИО да донесе заклучок /одлука за понатамошно работење на комисиите.

Во однос на предвидениот протест организиран од страна на ЗПЗСУ ПДММ, Извршниот одбор донесе заклучок Комората да не го поддржи протестот и да објави соопштение со зедничко усогласениот текст прифатен од членовите на ИО на СКМ

Комората не го подржува протестот на ЗПЗСУ ПДДМ , поради :

1.Комората не е консултирана за ниту едно од нивните барања и за истите дознава преку социјални мрежи, портали и медиуми и секоја нивна информација дека Комората и нејзините регионални одбори стојат зад протестот е лажна и тенденциозна .

2. Здружението лажно и невистинито сака да се претстави како застапник на сите стоматолози, а и во изјавите на нивните претставници се објавува податок дека имаат не повеќе од 200 члена , што е поприлично далеку од бројката на сите стоматолози кои во моментот ги има 3800.

3.Барањата се некозистентни и се менуваат од месец за месец паушално и без било каква анализа.

4.Преку директни консултации и средби најголемиот број на нашите членови не прифаќаат бришење на институцијата матичен стоматолог врз што се и темели платформата на здружението.

5.Добивањето фиксна плата на секој стоматолошки тим кога нема институција матичен стоматолог и кога стоматолошкиот тим ќе нема обврска кон никого , не води кон прогрес на стоматолошката дејност туку уште повеќе кон нејзино назадување и непрактицирање на стоматологија .

6.Добивањето фиксна плата на секој стоматолошки тим од бараните суми кога нема институција матичен стоматолог ќе предизвика формирање на прекумерен број на тимови што во блиска иднина ФЗО , како единствен здравствен осигурителен фонд во државата , нема да може да го издржи што ќе доведе до спротивен ефект , до комплетна приватизација на стоматологија .

7.Кој би бил мотивот на ФЗО , министерство за здравство и Влада на РСМ воопшто да го сфати и разгледува сериозно моделот со фиксно плаќање на приватни здравствени стоматолошки установи , без контрола и без обврска нешто да сработат , а при тоа осигурениците да се ограничат на три( 3) услуги на годишно ниво по што секоја наредна посета би ја плаќале приватно.

Но, и покрај погоре наведеното ИО на СКМ го охрабрува раководството на здружението доколку навистина се грижат за македонскиот стоматолог и македонската стоматологијата да направат напори првин да престанат со манипулирање на стоматолозите и со реална , издржана програма за нов модел да побараат средба со ИО на СКМ каде истата транспарентно и институционално ќе се разгледа.

По исцрпување на дневниот ред председателот на ИО Др Селими најави дека многу скоро ќе има нова седница на ИО, односно ќе се планира седница на ИО по враќање од Љубљана .

**Претседател на Извршен одбор на СКМ**
**Д-р Мирлинд Селими**

Стоматолошка комора на Македонија
СКОПЈЕ